# ЕВРОПСКИТЕ ГЛАВНИ ВРЕДНОСТИ



## СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

Слободата на изразување гарантира дека секој има право да го каже она што го мисли и да го изрази своето мислење. Ова фундаментално начело значи дека ние мора да ги почитуваме мислењата на другите, дури и кога се разликуваат од нашите. Со тоа се гарантира расправа и разноликост на мислењата во општеството. Меѓутоа, во демократското општество може да се смета за неопходно да се казнат сите форми на изразување со кои се шири или се оправдува омраза заснована на нетолеранција.

## ПРАВЕДЕН СУДСКИ СИСТЕМ



Праведниот судски систем гарантира дека сите имаат право да се бранат пред суд, кој го применува законот на фер и праведен начин. Правдата е начело кое бара почитување на законите на земјата. Сите се еднакви пред законот. Судовите одлучуваат дали некое лице го почитува законот или не. Судството мора да биде независно од оние кои имаат политичка власт и мора да делува независно и непристрасно; во спротивно е корумпирано.

## РОДОВА ЕДНАКВОСТ



Иако жените и мажите имаат еднакви права и еднакво достоинство, сепак тие не секогаш имаат еднакви можности во општеството. Како и сите други права, родовата еднаквост мора секогаш да се штити (на пример, еднаква плата, балансирано родово претставување во политиката и деловниот сектор).

## СЛОБОДНИ ИЗБОРИ

Демократијата се заснова на правото на глас и слободни избори. Во демократијата, власта се наоѓа во рацете на народот, кој ги избира своите претставници кои ги застапуваат неговите мислења. За жал, во многу земји, изборите сè уште не се слободни. Понекогаш шефот на државата самиот донесува одлуки на авторитарен начин. Во други прилики, изборите се местат за да победи одредена политичка партија.

**РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ ИЗБОРИ:**

> Парламентарни избори: граѓаните гласаат за членови на парламентот на државата.
> Локални избори: граѓаните гласаат за претставник во град или област.
> Претседателски избори: граѓаните гласаат за претседател на нивната држава.

Изборите се спроведуваат и во други ситуации: во училиште, во младински совети, во невладини здруженија, во деловни претпријатија…



## РАЗНОЛИКОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА



Дискриминација е кога некое лице или група на лица се отфрлени поради нивното потекло, боја на кожа, пол, јазик, религија или политичко убедување … и поради тоа се лишени од нивните права. Дискриминацијата, која често се заснова на незнаење, предрасуди и стереотипи, настанува тогаш кога се плашиме од нешто што не ни е познато или кога нашиот страв нè прави сомнителни или агресивни спрема другите.

## УКИНУВАЊЕ НА СМРТНАТА КАЗНА



Смртната казна, или капиталната казна како што уште се нарекува, е одлука со која судот ги казнува на смрт оние лица кои се прогласени за виновни за најтешки кривични дела. Сите 47 држави членки на Советот на Европа повеќе не ја извршуваат смртната казна бидејќи со неа се повредува правото на живот, а со тоа претставува повреда на човековите права. Меѓутоа, таа сè уште постои во многу земји (Соединетите Американски Држави, Кина, Јапонија…).

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE







# ЕВРОПСКИТЕ
## ГЛАВНИ ВРЕДНОСТИ

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE